**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Бр: 03-93/2
Скопје: 28.04.2021

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија,, бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија,, бр. 145/10), а врз основа на Барањето на мислење добиено од Владата на Република Северна Македонија преку Кабинетот на Заменикот на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции бр. 09-4084/1 од 31.03.2021 година (Наш број 03-93/1 од 19.04.2021 година), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 28.04.2021 година го донесе следното

# М И С Л Е Њ Е

Најавата за реализација на нов трет инвестициски проект на компанијата КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Битола со седиште во Индустриската зона Жабени-Битола, кој вклучува проширување на постоечките производствени капацитети и инсталирање на нови производствени линии, каде е предвидено компанијата до крајот на 2023 година да инвестира износ од најмалку 12.700.000,00 евра во денарска противвредност и да создаде најмалку 1230 нови работни места за државјани на Република Северна Македонија, е во согласност со Законот за контрола на државната помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на РМ“бр. 109/13), под услов вкупниот интензитет на регионалната помош која компанијата КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Битола би ја добила од државата како индивидуална помош и /или преку шема на помош не надминува 50% од оправданите инвестициски трошоци, со тоа што корисникот на помошта задолжително мора да учествува со најмалку 25% во финансирањето на проектот, согласно член 5 став 4 од Уредбата за за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош, а инвестицијата да се одржува најмалку 5 години по целосната реализација, согласно член 6 став 1 од Уредбата.

Имено, Комисијата за заштита на конкуренцијата со Решение бр. 10-83 од 14.12.2011 година одобри доделување на планирана државна помош за регионален развој на корисник на Индустриската зона „Жабени,,, Општина Битола, за компанијата „Кромберг и Шуберт Македонија,, ДООЕЛ Скопје за производство на кабелски инсталации во автомобилската индустрија и создавањето на нови работни места поврзани со инвестицијата. Оваа помош Комисијата за заштита на конкуренцијата ја квалификуваше како регионална индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 11 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија,, бр. 145/2010), при што одлучи дека доделувањето на истата е дозволено.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Исто така, Комисијата за заштита на конкуренцијата со Решение бр. 10-87 од 19.11.2019 година одобри доделување на планирана државна помош за регионален развој на корисник на Индустриската зона „Жабени„,Општина Битола, за компанијата „Кромберг и Шуберт Македонија„ ДООЕЛ Битола, за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила вон опфат на технолошко индустриска развојна зона и отварање работни места, поврзани со инвестицијата. Оваа помош Комисијата за заштита на конкуренцијата ја квалификуваше како регионална индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 11 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/2010), при што одлучи дека доделувањето на истата е дозволено.

Согласно Вашиот допис број 09-4084/1 од 31.03.2021 година е наведено дека компанијата до сега има реализирано два инвестициски проекти и е примател на државна помош врз основа на склучени Договори за доделување на финансиска помош со Владата на Република Северна Македонија. Со оглед на ова, сепак Комисијата за заштита на конкуренцијата укажува на постоењето на член 9 од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на РМ„ бр. 109/2013) и потсетува дека треба да се води сметка за поимот на голем инвестициски проект.

Во врска со најавата за реализација на нов трет инвестициски проект на компанијата КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Битола со седиште во Индустриската зона Жабени-Битола, кој вклучува проширување на постоечките производствени капацитети и инсталирање на нови производствени линии, давателот на државната помош, е должен да поднесе известување за планирано доделување на индивидуална државна помош, согласно член 13 од Законот за контрола на државната помош и Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојаната државна помош („Службен весник на РМ"бр. 142/11), како и на Образец I од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на РМ"бр. 109/13).

Со почит,

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**